20250891978

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 32 став (1) точка 2), а во врска со член 163 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 април 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ

1. На Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, како носител на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на електрична енергија, му се укажува дека во периодот од 1 мај 2025 година до 31 октомври 2025 година, има право да ги преземе следните мерки:

- да врши исклучување на производители на електрична енергија приклучени на електропреносната мрежа,
- да побара од операторот на електродистрибутивниот систем да изврши исклучување на производители на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа,
- на производителите на електрична енергија кои ќе бидат исклучени во периодот од 01 мај 2025 година до 31 октомври 2025 година да не им пресметува отстапување од номинацијата (разликата од номинираната и произведената електрична енергија да се смета за нула) и на балансно одговорните страни кои во своите балансни групи имаат производители коишто ќе бидат исклучени да не им изготвува фактури за отстапувања на овие производители согласно Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем.

2. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, да ги преземе мерките од точка 1 на оваа одлука само доколку електроенергетскиот систем се доведе во состојби дефинирани во Мрежните правила за пренос на електрична енергија, како и во состојба на управување во нарушена состојба и постои реална опасност од делумен или целосен распад, при исцрпени сите резерви на располагање за враќање на електроенергетскиот систем во нормална состојба.

3. Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија, како носител на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, да постапи по секое барање за исклучување на производители на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа кое ќе го добие од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје во најкраток можен рок.

4. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија пред преземање на мерките во оваа Одлука да вложат разумни напори во најкраток можен рок да ги информираат производителите коишто ќе бидат исклучени, во зависност од итноста на преземањето на мерките. Мерките од точка 1 на оваа одлука нема да важат за производителите на електрична енергија кои имаат статус на повластени производители.

5. Прекинот на испорака или намалената испорака на електрична енергија како резултат на преземените мерки од точка 1 и 3 на оваа одлука нема да претставува основ за надомест на штета на производителите и потрошувачите на електрична енергија.

6. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, да постапува согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Одбранбениот план на електроенергетскиот систем и Планот за повторно воспоставување на системот.

7. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје да доставува до Регулаторната комисија за енергетика месечни извештаи најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, за преземените мерки од точка 1 на оваа одлука и за причините за нивно преземање.

8. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје и до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и
услуги за управување со комунален отпад на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр.12-847/4
30 април 2025 година
Скопје